Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
PRESIDENTI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
КАБИНЕТ-KABINETI
Бр.-Nr. 08-369/1
01.08 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 14-482/2
01.08 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Склучен во Скопје, на ден 01.08.2024, меѓу:

1. Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија, претставуван од генералниот секретар Ѓорги Божинов, од една страна и

2. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, претставувана од претседателот на Комисијата, Игор Јадровски, од друга страна.

Потврдувајќи го интересот за продолжување и зајакнување на меѓусебната соработка на двете институции во насока на промоција на принципот на еднаквост, превенција и заштита од дискриминација, Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Кабинет) и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисија) се согласија за следново:

**Член 1**

Овој Меморандум за соработка ја поставува рамката на соработка помеѓу Кабинетот и Комисијата, во насока на преземање координирани активности чијашто цел е промоција на принципот на еднаквост, превенција од дискриминација и промоција на еднакво и целосно уживање на сите човекови права и основни слободи на граѓаните на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Потврдувајќи ги заедничката заложба и интересот за продолжување и унапредување на соработката, страните се согласни заеднички да соработуваат во остварувањето на следниве активности:

- покровителство на претседателката при организирање јавни дебати и тркалезни маси за носење или измени на закони и политики во насока на унапредување на еднаквоста;
- заеднички медиумски активности и настани за стратешки прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата;
- обезбедување обуки и тренинзи од Комисијата за вработените во Кабинетот за сензибилизирање и градење капацитети за недискриминација и еднаквост;
- користење на Народните канцеларии на претседателката за организирање активности и настани на Комисијата.

**Член 3**

За олеснување на меѓусебната соработка и комуникација во однос на реализирањето на активностите од овој Меморандум за соработка, страните се согласија да назначат одговорни лица за комуникација.

**Член 4**

Страните ги задржуваат правата врз нивните логоа, имиња и амблеми. Ниту една од страните не е овластена да го користи името на другата страна, амблемот или какви било други идентификациски карактеристики во врска со овој Меморандум за соработка, без претходно добиена писмена согласност од другата страна.

**Член 5**

Страните се согласија при спроведување на активностите да се придржуваат до сопствените внатрешни правила за постапување и за чување информации и до важечките правила и прописи од областа на заштитата на личните податоци, спречувањето и заштитата од дискриминацијата и класифицираните податоци.

**Член 6**

Страните се согласија важењето на овој Меморандум за соработка да биде две години од денот на неговото склучување.

Овој Меморандум може да биде раскинат од која било од страните со писмено известување до другата страна најмалку во рок од 30 дена однапред.

Меморандумот може да се измени и дополни со писмена согласност на двете страни.

**Член 7**

Овој меморандум е составен во два идентични примерока, од кои по еден за секоја страна.

**Член 8**

Меморандумот стапува на сила од денот на неговото потпишување.

| | |
|---|---|
| **Претседател на Република Северна Македонија** | **Комисија за спречување и заштита од дискриминација** |
| **-КАБИНЕТ-** | |
| **Генерален секретар** | **Претседател** |
| **Ѓорги Божинов** | **Игор Јадровски** |